Братислав ЛАБАН

# СПЕЦИЈАЛНАТА ВОЈНА

## КАКО СПЕЦИФИЧЕН ОБЛИК НА ЗАГРОЗУВАЊЕ НА ОСНОВНИТЕ И ДРУГИ ВРЕДНОСТИ НА СФРЈ

Нашиот револуционерен развој кој во себе ги содржи крупните општествени преобразби за изградбата на социјалистичко-самоуправните општествени односи, врз основите на марксистичката теорија и прогресивната револуционерна практика, често го следат, не само светски и наши противречности, туку и организирани облици на притисоци и непријателска дејност. Средствата, методите, силите, начините и конкретно акциите со кои се делува во насока на загрозување и рушење на нашите револуционерни вредности постојано се менуваат и усовршуваат, со цел да станат поефикасни.

Специјалната војна, во тој поглед, можеме да ја сфатиме како специфичен и современ облик на непријателско делување и организиран притисок и напад врз основите на социјалистичкото самоуправно општествено уредување и безбедноста на СФРЈ.

Во светот постојат кризни состојби што ги предизвикуваат империјалистичките, хегемонистичките и реакционерните сили, а кои главно се насочени против независноста на земјите во развој и неврзаност како движење.

Таквите кризни состојби на определен простор добиваат облик на локална или ограничена војна. На проучувањето на таквиот вид на војна, која по правило е агресија мора да му се посветува посебно внимание, дотолку повеќе што војната се јавува како сопирачка и опасност во прогресивниот развој на човештвото.

Станува збор за појава, која постанува секојдневна практика на империјалистичките, хегемонистичките и реакционерните кругови, насочена против прогресивните сили во светот со непрекинато усовршување на формите, методите и облици-

те на притисоци и агресија, а за која користиме термин „с п е ц и ј а л н а војна".

Во доменот на стратегијата на посредно настапување, освен специјална војна, во зависност од земјата за слични дејствија и активности, се користат и термините: „студена", „субконвенционална", „економска", „субверзивна", „претставничка", „тивка", психолошка", „пропагандна", „прикриена" в о ј н а, а некои ја нарекуваат и „ползешка агресија".

Појавата и развојот на специјалната војна се условени постоењето на двата антагонистички блока и различните интереси, а со тоа меѓународните односи објективно стануваат затегнати и несигурни, со присуство на постојана опасност од појава на војна од пошироки размери.

## I. ОПШТО ЗА СПЕЦИЈАЛНА ВОЈНА

1. Специјалната војна ако ја сфатиме како посебен облик на примена на силата, таа претставува збир од организирани и координирани политички, економски, дипломатско-политички, психолошко-пропагандни, разузнавачки, субверзивни, а често и воени акции, мерки и постапки, кои една или повеќе држави ги преземаат против друга земја или група држави, заради стекнување на доминација и наметнување на хегемонија, или заради остварување на други определени цели, интереси и слично.

С у ш т и н а т а на поимот специјална војна претставува прикриените тајни мерки или постапки, заради предизвикување внатрешни немири, бунтови и слабеење на единството и одбрамбената способност на земјата.

Империјалистичките, хегемонистичките и другите реакционерни сили, преку стратегијата на посредно настапување и ограничен суверенитет, како и преку трката во развој на разурнувачкото вооружување, денес во практиката иако тоа јавно не го признаваат — применуваат разновидни форми и методи на специјална војна, со сурови и уништувачки дејства.

Специјалната војна ги има сите карактеристики на неправедна војна, поради што, не е дозволена со меѓународните правни норми. Тоа е, всушност, посебен вид на војна која се јавува како продолжување на определена политика со користење на специјални методи и средства.

Специјалната војна, зависно од целите, има тенденција некогаш да прерасне во повисок квалитет, т.е. да претставува увод во локална војна или во агресија од пошироки размери.

2. Историски гледано, развојот на специјалната војна може да се разгледува во два периода:

Првиот период (до завршетокот на Втората светска војна) се карактеризира главно со специјални дејства вградени во класичните воени операции (шпионажа, диверзии, дезинформации, психолошко-пропагандни дејства, убиства на поединци до масовен масакр на населението, спалување на населби и слично) за да се развие наполно со текот на времето подоцна доктрината на специјалната војна и да ги добие во основа сите форми и методи кои денес се применуваат.

Вториот период има белези на состојбите и условите од кои се развивала и се развива, по Втората светска војна, меѓународната ситуација и создадените спротивности меѓу прогресивните сили и силите кои од империјалистички, хегемонистички и други реакционерни позиции се обидуваат да го сопрат и да го уништат тој прогрес.

Развојот на специјалните дејства влијаеше кај некои големи сили врз стратегиско-политичката и воената теорија за војната да се разработува и постојано да се усовршува доктрината на специјалната војна низ три основни видови на дејствија:

## НЕКОНВЕНЦИОНАЛНИ, ПРОТИВПАРТИЗАНСКИ -и ПСИХОЛОШКО-ПРОПАГАНДНИ.

Специјалната војна е дел на глобалната политика и стратегија на освојувачките сили и претставува средство на таа политика во чие водење се ангажираат сите фактори на државата. Од големите сили и нивните блоковски партнери, специјалната војна се води и е инспирирана од единствена заедничка концепција.

Доктрината на специјалната војна е изградена од политички и државни раководства, а разузнавачките служби се само извршители на тој процес. Од практиката е познато дека доколку дојде до откривање на такви недозволени активности во меѓународните односи, вината, заради спасувањето на угледот на владата, се префрла врз „одделни, неодговорни и самоволни постапки“ на поединци од составот на разузнавачките служби.

3. Разузнавачките служби извршуваат задачи на државното и политичкото раководство, па се јавуваат како продолжена рака на политиката на својата земја.

За постигнување на целите на носителите на специјалната војна се користат сите можни средства и методи на работата без оглед на тешките последици на нападнатата страна. Во согласност со современите улоги, во повеќе земји е извршено организационо престројување на разузнавачките служби, па тие се јавуваат и како главни организатори и носители на специјалната војна.

Разузнавачките служби, кои имаат класен карактер, истовремено се масовни организации со карактерстики на висока професионалност. Зависно од местото тие можат да бидат: ресорни и централни; национални и блоковски; општи и специјални; од тактичко, оперативно и стратегиско значење; воени, на политички партии и движења; емигрантски.

Со оглед на тоа дека политиката ги одредува сојузниците и потенцијалните агресори, и разузнавачките служби најтесно се поврзани со политиката на својата земја и тие претставуваат инструмент на таа политика.

Врз системот и методот за работа на разузнавачките служби влијаее внатрешната политика и системот на секоја држава. Политиката и поставува задачи на разузнавачката служба, влијае врз нејзиниот систем, врз интензивноста и врз методот на работа. Работата на разузнавачките служби секогаш е во надлежност на највисоките државни органи.

Разузнавачките служби на блоковските земји, како средство за спроведување на експанзионистичката политика, се мошне активни, а работата е непрекината во постојан подем и се одвива не само преку воената, политичката и економската разузнавачка дејност, туку и преку научните, техничките, културните и други гранки и области. Сето тоа е проникнато со шпионски афери, вооружени инциденти, насилно извидување и слично. Во работата се користат искуствата и се пронаоѓаат нови форми преку развивањето на перманентната активност од пропаганда до диверзии, од кражба на документи до киднапирање на луѓе и слично.

Со цел менување на состојбите и односите на силите во некои држави или простори на светот, разузнавачките служби во рамките на блоковите претставуваат приврзок на носителите на пактот и сосема се зависни од него.

4. Цели на специјалната војна во основа се и цели од стратегиско значење, но тие не можат да се постигнат преку дипломатско-политичка активност, ниту можат да се остваруваат со употреба на класичните оружени сили.

За спроведувањето на целите на специјалната војна се вршат плански, мошне организирани темелни систематски подготовки, со акцент врз создавањето на нестабилност и поткопување на поредокот.

Кај нападната земја се настојува:

— да се ослаби надворешната и внатрешната политичка положба;

— да се разниша моралот на народот;

— да се разори стопанството со примена на различни мерки;

— да се создадат услови за постигнување на целта преку отворени воени притисоци.

Од аспект на глобалните интереси на големите сили, ЦЕЛИТЕ на специјалната војна се сведуваат на следното: да се одржат стекнатите позиции во други земји или пошироки географски простори; да се добијат одредени позиции, во неврзаните и неангажираните земји; да се одземаат позиции од други блоковски земји. СТРАТЕГИСКО-ПОЛИТИЧКА ЦЕЛ претставуваат земјите во развој и неврзаните земји — како сила која решително се бори против империјализмот и другите облици на воено, економско и политичко потчинување.

Доктрината на специјалната војна предвидува: сили (основни и за поддршка), средства, начин, простор и време за водење на војната.

Меѓу начелата, според кои се води специјалната војна, попознати се:

— разновидност и оригиналност на постапките;
— сеопфатност на изведувањето на акциите;
— офанзивност;
— максимална информираност за противникот;
— тајност и безбедност;
— изненадување;
— познавање на природата на целите на објектите на напад и задачите;
— соодветната обученост на силите што изведуваат специјални дејства.

Разновидните дејства, мерки и постапки можат да бидат насочени кон: идеолошко-политичко убедување; материјални богатства (економски притисоци, конкуренција, немање на стока, криминал, диверзии, саботажи и сл.); терористички дејства; борбени дејства на одредени објекти и др.

Специјалната војна во начело е НЕПРЕКИНАТА и ДОЛГОРОЧНА, со акции кои временски се определени и имаат временски почеток и крај.

Во доктрината на специјалната војна, посебно значајна улога им се дава на екстремната емиграција и внатрешниот непријател бидејќи тие се активни чинители и важни елементи во плановите на потенцијалните агресори.

Стратегијата на специјалната војна претставува систем на научни знаења и вештини за подготовка и водење на војната и за употреба на сила заради остварување на определени цели. Тоа е вештина на водење специјална војна.

5. ВИДОВИТЕ, МЕТОДИТЕ и ОБЛИЦИТЕ на специјалната војна се различни, а дејствата разнообразни.

Неконвенционалните дејства (некои ги викаат неконвенционално војување) содржат: субверзивна и терористичка активност, државни удари, создавање на општествени кризи и акции на спасување на агентите, диверзантите и терористите.

Стратегијата на противпартизантските дејства е проткаена не само со воени, туку и со политички мерки, како што се: спречувањето на герилата (разузнавачки потфати, апсења и судења, киндапирања, психолошко-пропагандна работа, тајни убиства); изолација на населението (застрашувања, затвори и логори, спалување на населби, уништување на извори за снабдување, бомбардирање, пасивизирање); спречување помош од страна; наметнување својата волја преку офанзивност и др.

Психолошко - пропагандните дејствија содржат подготовки и ефекти проникнати со злоупотреба на достигнувањата на психологијата врз масите и поединците. Тоа се идеолошки и пропагандно-информативни дејствија со монтажа на постапките и определени психолошко-пропагандни ефекти кои се одразуваат и преку политичките, воените и економските притисоци.

За водење на специјална војна се определуваат органи и сили на највисоко ниво. Под ОРГАНИ досега се познати разузнавачките служби, а според некои и органите за психолошки дејствија. Овие во начело раководат и со СИЛИТЕ: агентура, разузнавачко-извиднички групи, единици за посебна намена за интервенции, експедициони и единици за брзи дејствија, силите на непријателската емиграција и силите на внатрешниот непријател.

Според содржината, формите и методите разузнавачката дејност ги опфаќа сите области на човечката дејност со акцент врз психата и морално-политичката состојба на човекот и користењето на неговите слаби страни.

ФОРМИТЕ И МЕТОДИТЕ кои во својата работа ги користи непријателот се: максимално експлоатирање на можностите дозволени врз основа на меѓународното право и правото на својата земја; користење на агентурни можности; насилно дејствување; создавање и користење на кризите; терористичка дејност; диверзантски дејства; саботажна дејност; психолошко-пропагандно дејствување; други можности (изучување на законите, правилата и друго; влијание врз средствата за јавно информирање; влијание преку: спортските приредби, туризмот, економските односи, научно-истражувачки работи, елаборати за странски кредити, ловот, риболовот, изложбите, саемите, ревиите, размената на научни работници (стипендисти, студенти, работни групи и сл.), и на другите начини се остваруваат контакти, се создаваат познанства и поблиски односи, а во некои случаи и поблиски врски како и директни пробиви. Сите овие и други форми обично се комбинираат и меѓусебно се дополнуваат.

## II. НЕШТО ЗА СПЕЦИЈАЛНАТА ВОЈНА КОЈА СЕ ВОДИ ПРОТИВ НАШАТА ЗЕМЈА

1. Средствата, методите и носителите на специјалната војна, нашиот човек треба да се оспособува да ги распознава и да може да ги споредува со бројни примери, зашто и во текот на револуцијата, а посебно од крајот на Втората светска војна до денес, сите тие форми и методи тој ги почувствува непосредно врз себе, а посебно преку човечките жртви, со политичката и материјалната штета.

Факт е дека во текот на Втората светска војна: водевме војна против окупаторот и изведовме и социјална револуција; нашата земја во Втората светска војна беше разорена; некои краишта на нашата земја пред Втората светска војна беа отуѓени, а некои нерамномерно развиени во секој поглед; во текот на НОВ имаше доста предавници; по војната сè уште делуваше класно победениот и развластениот непријател итн.

Нашата земја со мошне чувствителна ГЕОГРАФСКА ПОЛОЖБА, се наоѓа на ветрометината на кризните жаришта, се граничи со земјите кои и припаѓаат на двата блока и екстремната Албанија, а некои соседни држави пројавуваат територијални претензии врз делови на СФРЈ.

Југославија во мирољубивиот свет е мошне ценета во борбата за неврзувањето, мирот, активната коегзистенција и противник е на сите облици на угнетување и доминација. Тоа е прва земја во која се остварува самоуправно социјалистичко општество со целосна рамноправност на народите и народностите, со развивање на братството и единството, со слободата и почитувањето на човекот.

Сите придобивки и достигнувања што сме ги оствариле под раководството на другарот Тито и СКЈ, претставуваат трн во окото за сите непријатели на нашата земја.

За да го обезреднат нашиот систем и да го компромитираат сето она што сме го постигнале, непријателите водат непрекинато специјална војна против нашата земја СО ЦЕЛ: да го спречат, да го забават или да го компромитираат развојот и афирмацијата на социјалистичкиот самоуправен систем; да го разбиајт неврзувањето како движење и да го смалат нашето влијание во тоа движење; според можностите, на наша сметка да се здобијат со определени блоковски позиции на јужно-европско боиште.

Во водењето на специјалната војна против нашата земја, како објекти за напад во основа се:

— марксистичката идеилогија, патот што го трасираше другарот Тито и политиката на СК;

— братството и единството и рамноправноста на народите и народностите;
— социјалистичко-самоуправниот општествен систем;
— културата и културното творештво;
— економскиот систем;
— надворешната политика;
— системот на општонародната одбрана и општествената самозаштита;
— граѓаните на привремена работа во странство;
— конзуларно-дипломатските представништва;
— стопанските, јавните и други објекти, и др.

Бројни се формите, методите и видовите на специјалната војна кои империјалистите, хегемонистите и реакционерните сили досега ги преземале против нашата земја. Непријателите при тоа не бираат средства и методи за работа и со целосно ангажирање на силите што ги имале на располагање настојуваат максимално да ја користат политичката емиграција, внатрешните непријатели и определена категорија криминалци и др. отпадок. Во работата барале да воспостават спрега на политичката емиграција и внатрешниот непријател, затоа што сите работеле на единствената цел да се спроведуваат на определени концепции спрема нашата земја.

2. Е м и г р а ц и ј а т а по правило се дели на ЕКОНОМСКА (иселеничка) и ПОЛИТИЧКА.

Корените на формирањето на некои национални групации на емиграцијата во странство водат од периодот меѓу Првата и Втората светска војна, како што се: „Хрватско востаничко движење", „Српски културен клуб", „Ванчомихаиловистичка ВМРО" и др. Сите овие организации континуирано работеле и во текот на Втората светска војна под закрилата на германскиот, италијанскиот и бугарскиот фашизам и реваншизам.

Кон крајот на Втората светска војна само за западноевропските земји од Југославија пребегаа околу 250.000 лица од кои еден дел својот опстанок, работа и активност ја сврзале со странските разузнавачки служби.

Оваа емигрантска маса послужи како основа за фромирање на бројни непријателски о р г а н и з а ц и и, т.е. за формирање експозитури на разузнавачките служби за водење на специјалната војна против нашата земја.

Непријателската политичка емиграција, веднаш по војната ја помагаше дејноста на вооружените банди и класниот непријател кој остана во земјата и појавуваше бројни активности врз субверзивната и поткопувачката работа, диверзиите, теророт, упадите во наши претставништа и убиства на наши дипломатски, конзуларни и други претставници. Во борбата против нашата земја, за посебни и специјални задачи, разузнавач-

ките служби бирале лица кои биле најблиски соработници и слуги на германските, италијанските, бугарските и други фашисти, познати злосторници кои се потонати во крв, криминалци и други отпадоци.

Од завршувањето на Втората светска војна до денес, активноста на непријателската емиграција против нашата земја не престануваше, а интензитетот беше поголем или помал, зависно од нивните работодавачи кои ги имаа предвид меѓународните настани и конкретните односи со Југославија.

Внатрешниот непријател, а и дел од политичката емиграција, се јавуваше по експропријацијата, агрегарната реформа, национализацијата и во целина речено, преку мерките и постапките што ги преземавме во развојот и одбраната на социјалистичкото и самоуправното општество. Тука се пројавуваат поединци на информбировска, ѓиласовска, ранковиќевска, либерална и друга линија.

Целта на политичката емиграција како и на дел од внатрешниот непријател е поткупување и соборување на општествено-политичкиот систем и ликвидација на социјалистичките самоуправни односи во Југославија.

Екстремниот дел од политичката емиграција делува активно против нашата земја од повеќе континенти и повеќе држави на Европа. Дел од политичката емиграција е вработен од страна на разузнавачките служби во тие земји на разни должности, а некаде и на мошне одговорни функции како: во државните органи и институции, во вооружените сили, во телевизијата, радиото, радиостаницата „Слободна Европа", во разни организации, во редакции на весници и списнија итн. Преку сето тоа дадени им се можности и соодведни позиции за активно дејствување против СФРЈ.

Политичката емиграција е организирана на легални и илегални организации. Л е г а л н и т е организации делумно јавно ја обликуваат програмата против нашата земја и во основа се пријавени како просветни, научни, милосрдни, културни друштва и сл. Целите се формулирани преку наводно негување на националните чувства, обичаите, традициите, културата и друго. И л е г а л н и т е организации работат според посебна програма, па методите и формите се чуваат во тајност од поширокаta јавност.

Големиот углед и секој успех и напредок на нашата земја придонесува за воспоставување на добри односи со другите држави, а со тоа им се задава удар на организациите на непријателската емиграција. Во такви ситуации, а под влијание на прогресивните сили и на меѓународното јавно мислење, разузнавачките служби ја прикриваат политичката емиграција, ја ставаат во длабока илегалност, а некои лица и ги жртвуваат.

3. Внатрешните непријатели (остатоци на класниот непријател, четниците, усташите и др. помагачи на окупаторот националистите, поединците што ја злоупотребуваат верска дејност, бирократско-етатистичките, националистичките, технолибералистичките и анархолибералистичките групи) настојуваат да не се открие нивната дејност и да се вклучат во разни области на општеството, по можност, на што почувствителни функции, за да можат да остваруваат што поконкретно непријателско влијание во извршувањето на задачите кои посредно непосредно ги добиваат најчесто преку странските разузнавачки служби.

Поголем дел од активноста на внатрешниот непријател, насочена е:

— да предизвикува вештачки, економски, политички, меѓунационални и културни, и други видови кризи;

— да дава отпор на мерките за развој на самоуправното социјалистичко општество;

— да претставува главна потпора во изведувањето диверзантските и терористичките дејства;

— да организира контрареволуција и сл.

Работата на внатрешниот непријател е мошне прикриена, јавно се експонираат како добри работници и како душегрижници на нашето општество, па и нивните истапувања во начело се во границите на позитивните закони и се бучни како носители на „напредните и прогресивните“ идеи. При сето ова тие го користат правото на јавен настап и правото на различно мислење.

Со оглед дека политичката емиграција со внатрешниот непријател се јавува во сите видови, форми и методи, и како мошне важен експонент на разузнавачките служби, има потреба и е нужно нашите луѓе подобро да се запознаат со тие сили на специјалната војна, кои постојано се присутни и мошне активни во делувањето против нашата земја.

Тие сили не треба да се пренценуваат, но и не треба да се потценуваат.

Внатрешниот непријател во нашата земја користи легални и илегални форми, а нивните истапувања се од разни позиции. Таа активност деновиве се огледа преку: пишувањето написи во некои весници и списанија кои се идејно спротивни на политиката на СКЈ; пишувањето пароли и анонимни писма; преку пеењето националистички и религиозни песни; потоа тие пропагираат дека верските празници (Божиќ, Великден и сл.) треба да се прогласат како државни празници; зависно од просторот на нашата земја, пронесуваат гласови за загрозеноста на овој или на оној народ и народност; истакнуваат потреба за поголема автономија на покраините итн. Непријателот на Косово и натаму е присутен, при што користи различни методи и фор-

ми како: пароли, летоци, памфлети, пожари, хаварии, демонстрации, изостаноци од работа, напади врз нашиот уставен поредок, напади врз СКЈ, заканување на Србите — Црногорците и активистите Албанци, и др. При сето ова пропагандата од Албанија е најсилна и има влијание врз поединците.

Во целокупната работа на внатрешниот непријател присутни се заканувања, навреди, провокации и подметнување на експлозивни средства на стопански објекти и работни организации.

Непријателот и натаму максимално ќе ги користи сите наши слабости и пропусти, ќе се засолнува зад нерешените и недоволно решените проблеми на нашето општество, ќе се појавува како душогрижник на самоуправувањето и сето тоа ќе го трансформира и ќе се обиде да ни го врати преку психолошко-пропагандна обработка.

Во целина, непријателот ќе настојува да ја загрози безбедноста на нашата земја, да ја поткопува силата на ОНО, на ОСЗ и моралот на луѓето, да ја заспие нашата свест и совест и систематски да го разорува нашето стопанство и економиката.

Активноста на непријателската емиграција не може да се одвои од доктрината на специјалната војна. Непријателската емиграција, поради природните врски со својата земја е мошне погодна, па како таква таа и се ангажира од странските разузнавачки служби за спроведување на концепцијата на специјалната војна.

Во случај на евентуална агресија врз нашата земја, непријателската емиграција ќе биде ангажирана во специјални сили. Странските разузнавачки служби во специјалната војна ја комбинираат работата на политичката емиграција со работата на внатрешниот непријател.

### А) Политички непријателски организации меѓу фашистичката емиграција

а) **српските** фашистички и екстремни емигрантски организации: меѓу кои:

— Српска народна одбрана, со седиште во Чикаго а гранки во Канада СРГ, Франција, Шведска и Австралија. Целта ѝ е создавање на голема Србија. Го издава неделниот весник „Слобода“;

— Српски културен клуб „Свети Сава“ и здружението „Душан Силни“ со седиште во Чикаго (понапред Париз). Гранки во: СРГ, Франција, В. Британија, Швајцарија, Италија и Белгија. Идеологијата на организацијата е профашистичка со широка пропагандна дејност. Таа е застапник на диверзантско-терористички дејства и методи. Го издава весникот „Српска борба“;

— Здружение на борците на кралската југословенска војска „Дража Михајловиќ" со седиште во Чикаго (понапред Лондон). Има свои одбори во: Канада, В. Британија, СРГ, Австралија. Издава месечен весник „Рамногорски борец";

— Српско младинско движење „Отаџбина" со седиште во САД, а има гранки во СРГ, Швајцарија, Белгија и Шведска. Ова е диверзантско-терористичка организација;

Покрај спомнатите организации, српската политичка емиграција се собира и работи околу „Српските црковни општини" во Трст, Париз, Лондон и во поголемите градови на Западна Европа и Америка.

Целта на четничките организации е разбивање на социјалистичка самоуправна Југославија и создавање на Југославија со големосрпски хегемонизам, како и создавање на Голема Србија и балкански федерализам.

б) **хрватски** фашистички и екстремни емигрантски организации:

— Хрватско ослободително движење, со седиште во Аргентина.

Таа ги издава весниците „Хрватска", „Хрватски народ", „НДХ", „Спремност", како и определен број летоци, памфлети, брошури и друг пропаганден материјал што го уфрлува во нашата земја;

— Хрватски народен одбор со седиште во Минхен, а со филијали по градовите на Западна Европа. Како гранки ги има: клерикално-усташката група со потпирач врз клер и „Хрватска одбрана". Го издава весникот „Хрватска држава";

— Хрватски народен отпор со седиште во Шпанија. Тоа е полуовена терористичка организација со експозитури во поголемите градови на Америка, Австралија и Западна Европа;

— Хрватско револуционерно братство со седиште во Австралија. Ова е изразито терористичка организација со формација на тројки, со строга дисциплина и извршување на мистични обреди при полагањето заклетви. Има гранки во СРГ, Шведска, Шпанија и Австрија (уфрлените групи во нашата земја во 1963 и 1972 година беа од составот на оваа организација);

— Хрватска академија во Америка со седиште во Њујорк како американска установа. Издава две списанија.

Освен наведените има и други со мал број организации и гранки на усташката фашистичка емиграција.

Една од целите на усташките организации е сепаратизмот и разбивање на Југославија како државно-правна заедница.

в) **словенечки** екстремни емигрантски организации:

— „Народни одбор Словеније" и „Словеначка народна странка" со седиште во Буенос Аирес. Подорганизации се „Словеначка културна акција", Савез друштава словеначких антикомунистичких бораца" и др.;

— „Словеначка демократска странка“ со седиште во Австралија и филијали во В. Британија и САД, и др.

Целта на словенечките екстремни емигрантски организации е сепаратистичка, а во основа тие работат врз разбивањето на Југославија и создавање на словенечка самостојна држава според примерот на западните капиталистички држави.

г) **македонски** екстремни емигрантски организации:

— Македонско-патриотеска организација со седиште во САД. Таа има гранки во САД, Канада и Белгија. Го издава весникот „Македонска трибуна“ и други пропагандни материјали. Најактивен дел од организацијата е друштвото „Теодор Александров“. Нејзините членови се активни во пропагандата против нашата земја. Политичката платформа на оваа организација се базира врз негирањето на македонскиот народ и македонската нација и водат борба за приклучување на Македонија кон Бугарија;

— Движење за ослободување и обединување на Македонија (понапред „Ослободителен комитет на Македонија) со седиште во Шведска и гранки во Данска, Австралија, САД и Канада. Ги издава весниците „Македонска нација“ и „Глас Македонаца“. Активност покажува преку пропаганда и воспоставување контакти. Политичката платформа е национално и територијално обединување на сите Македонци во самостојна македонска држава надвор од СФРЈ.

Целта на сите организации на македонската екстремна емиграција е разбивање на социјалистичка самоуправна Југославија, потоа приклучување на Македонија кон Бугарија и други групи за создавање на самостојна македонска држава надвор од СФРЈ.

д) **албански** екстремн ии фашистички емигрантски организации:

— III призренска лига со седиште во Њујорк, а со одбори во Канада, Австралија, Турција, Белгија, Франција, СРГ и Австрија. Така наречената III призренска лига е формирана во 1962 година по иницијатива и под покровителство на американската разузнавачка служба. Цел и́ е: борба против комунизмот и припојување на Косово кон велика Албанија. Таа го издава весникот „Призренски сојуз“;

— Национален фронт „Бали Комбетар“ — фашистичка емигрантска организација со седиште во Рим и со гранки во Турција, Франција, СРГ, Белгија, В. Британија, САД. Цел на организацијата е: ослободување и создавање на голема Албанија. Активноста е насочена кон средношколската младина, просветните работници и интелигенцијата. Таа го издава весникот „Беса“.

Освен спомнатите, постојат и други организации како „Сојуз на косоварите“ и други групи и здруженија.

Целта на сите албански екстремни и фашистички емигрантски организации во основа се сведува на разбивање на СФРЈ, односно борба за создавање на голема Албанија и за создавање на Република Косово врз капиталистичка основа.

Специјалната војна што се води има за цел прашањето за Косово да се прикаже и како меѓуанродно значајно прашање, а со тоа и да се создадат можности за евентуална интервенција на тој простор.

## б) Информбировска емиграција:

Информбировската емиграција е формирана по 1948 година, по влошувањето на односите меѓу нашата земја со СССР и другите информбировски земји.

Во почетокот таа имаше околу 3.500 лица — емигранти од кои повеќе се вратија врз основа на Законот за амнестија во 1953 и 1962 година и бројот на ИБ емигрантите постојано се намалуваше. Нив најмногу ги имаше во Бугарија, Албанија, потоа во СССР, Унгарија, Романија и ЧССР. Еден дел емигранти примија државјанство од овие земји, добија работа во разни области на државната дејност, а со тоа и поголеми можности за активно дејствување против нашата земја.

Некои познати екстремисти побараа засолниште во Белгија, Франција и во некои други земји на Западна Европа, со цел да влијаат врз нашите работници привремено вработени на Запад.

Поединци се обидуваа да формираат разни КП со цел да се добие впечаток дека постојат организирани партии и движења кои се борат во илегалност. Тие настојуваат преку психолошко-пропагандни дејства да предизвикуваат дефетизам, неверување, дезориентација на нашите работни луѓе во изградбата на самоуправно социјалистичко општество. Испраќаат Пропагандни материјали од СРГ, Белгија, Данска, Шведска и од други земји на адреса на личности и организации со најчеста клаузула „Шири понатаму". Повремено излегуваат написи од страна на ИБ емиграцијата во весниците и списанијата на ИЕЗ.

Има о б и д и ИБ емигрантите да се прикажат како великомаченици, дека биле жртви на теророт од својата земја итн. Од страна на таквите и оние кои им наседнуваат на нив, се заборава дека ИБ емиграцијата настана во време кога на нашата земја ѝ се закануваше опасноста да стане жртва на агресијата во борбата за своја слобода и независност и дека таа емиграција с еопредели себе си како п р е д а в н и ч к а.

4. **Нешто за формите, методите и видовите** на специјалната војна што непријателот најверојатно ќе ги применува во својата натамошна ориентација спрема нашата земја:

Акктивистите на непријателот, соодветно на конкретната ситуација и условите и натаму ќе бидат присутни против нашата земја. Непријателот преку легални и илегални форми и методи ќе настојува да ја постигне својата цел, при што нема да избира средства.

Може основано да се претпостави дека непријателот и натаму ќе води специјална војна спрема СФРЈ преку познатите форми на разузнавачки, субверзивни, психолошко-пропагандни и диверзантски дејства. Веројатно ќе настојува ТЕЖИШТЕТО НА АКТИВНОСТИТЕ што повеќе да го пренесе во Југославија, за која цел:

— ќе работи на создавањето база заради поттикнување на внатрешниот непријател, потхранување на национализмот, шовинизмот и слично;

— ќе настојува, активно да развива илегална разузнавачка активност и секаде, каде што може, да создава агентури;

— ќе се стреми, по сите прашања, да ја компромитира, омаловажи и отапи улогата и политиката на СКЈ, а работата на членовите да ја сведе на дебати;

— ќе го поддржува таканаречениот национален комунизам врз републички-покраински основи;

— ќе развива национална омраза и ќе врши обид да го разбива братството и единството и да ги омаловажува придобивките на нашата револуција;

— ќе покаже зголемена активност на разбивањето на системот на ОНО, безбедноста и ОСЗ;

— ќе настојува да развива недостиг на лична и колективна одговорност и ќе создава омраза и недоверба во способноста на раководствата. Ќе развива отуѓеност на раководството од народот;

— ќе развива негаторски однос спрема социјалитичко-самоуправното општество преку памфлети, негативни и сензационалистички написи во литературата и публицистиката, преку црн бран во филмот и на разни други начини (низ техничка помош и школување ќе настојува да врши трансфер на технологијата и сл.);

— ќе настојува да го спречува договарањето меѓу републиките и покраините, да се бори против заедништвото и да ги зголемува економските тешкотии; а особено при недостигот на некои артикли;

— ќе го поттикнува неработењето, невработеноста, социјалните разлики, запирањето на работа и демонстрациите;

— ќе разгорува верска нетрпеливост и ќе го поттикнува проширувањето и влијанието на религијата, особено кај младината;

— ќе го поддржува противзаконското богатење, криминалот, злоупотребите, митото и корупцијата, грабежите и расипништвото;

— ќе настојува на секаде, каде што може, да развива идеолошка отуѓеност, бирократски, технократски и секташки односи.

Во целина, работата на непријателот ќе биде насочена кон она што може да го поткопува општеството, да предизвикува незадоволство и да го ослабува моралот кај народот.

Нормално е да се претпоставува дека непријалетот во борбата против нашата земја ќе ги применува и ќе ги комбинира сите досегашни форми и методи, како и дека ќе бара и ќе изнаоѓа нови форми, можности, методи и средства.

Странските разузнавачки служби во последно време ПОКАЖУВААТ ПОСЕБНО интересирање: за меѓурепубличките и меѓунационалните односи; за нашето единство и способноста на СКЈ да ги решава проблемите; за влијанието на економските тешкотии и животниот стандард, за тоа дали се скршнува од Титовиот пат и во што; за расположението на народот и неговата спремност за одбрана на Југославија, а особено за состојбата во ВС; за кадровските промени; за состојбата на универзитетите и редакциите од аспект на нивна поголема „активност"; за мерките што се преземаат заради санирање на состојбата на Косово итн. Запад се интересира за нашите односи со СССР, а СССР за нашите односи со западните земји. И двете страни покажуваат интересирање за нашите односи и ставови спрема Албанија.

Преку ПСИХОЛОШКО-ПРОПАГАНДНИ МЕРКИ непријателот деновиве истакнува: дека во СКЈ нема единство; дека Југославија не може да се извлече од стопанските тешкотии и дека тие тешкотии се како последица на раководителите кои не им се наклонети; дека странските кооперанти стекнуваат недоверба спрема Југославија итн. Тие нагласуваат дека ќе дојде до нови конфликти при што го апострофираат национализмот. Најавуваат терористички акции.

## III. ОСНОВИ ВРЗ КОИ СЕ ТЕМЕЛИ НАШЕТО СПРОТИВСТАВУВАЊЕ НА СВ:

Секое опортунистичко, конформистичко и лесно гледање на активноста на непријателската емиграција и на внатрешниот непријател може да ѝ нанесе големи штети на безбедноста на нашата земја. Што памлку слабости и пропусти и што пого-

лема работна и идејо-политича активност, значи подобро спротивставување и откривање на непријателот.

За да можат субјективните сили во СФРЈ да му се спротивставуват активно на непријателот, меѓу другото н у ж н о е: работните луѓе и граѓаните да бидат редовно и објективно информирани; добро да се организира идејно-политичката и воспитната работа; да се одвива интензивна активност на организациите на СК и на другите ОПО; постојано да се работи за доизградување на општествената самозаштита и безбедносната култура на секој наш човек.

Во сегашните у с л о в и: отвореноста на нашите граници; движењето на голем број луѓе, идеите и интелектуалното општење; зголемената стоковна размена и трговија; одржувањето на односи и врски со голем број странци и странски установи итн., проблемот на безбедноста и ОСЗ станува исклучително з н а ч а е н. При сето ова мора да се има предвид дека еден дел од странците не е добронамерен и дека методите на работа на разузнавачките служби се мошне систематични. Ние ни досега, а и во натамошната работа, не сме и нема сомнително да гледаме на секој странец. Исто така, ние нема да ги затвориме нашите граници. С и л а т а н а н а ш и о т с и с т е м треба да биде во уште поголемото отворање и воспоставување на што потесни односи со повеќе земји и луѓе во светот. Ова бара сериозна, солидна и активна работа. Во краен случај, наша единствена АЛТЕРНАТИВА е да направиме сè безбедноста и ОСЗ да станат составен дел од активноста на секој наш човек.

Одбрамбено-заштитниот систем во нашата земја се развива како интегрален дел на социјалистичкото самоуправување, а неговата масовност е главна карактеристика.

Основниот субјект на нашиот систем се работните луѓе и граѓаните, истата она сила која се бори за практично остварување на социјалистичките односи. Станува збор за повеќе милионска маса на луѓе којашто свесно и на организиран начин ѝ пристапува во заштита на нашата револуција и нејзините вредности од било каков облик на загрозувањето, манифестирано како специјална војна.

Во сите етапи на нашиот развиток силите на непријателот кои воделе специјална војна против СФРЈ д о ж и в у в а л е неуспех и не постигнале да го загрозат нашиот внатрешен развој и надворешната политика.

Општествената самозаштита мораме уште повеќе да ја развиваме и да ја усовршуваме како функција на самоуправувањето и како основа за безбедноста на нашето општество, а со тоа и како основен вид на о д в р а ќ а њ е и спротивставување на сите невооружени облици на агресија.

Ако во работата се придржуваме кон револуционерната мисла и дело на другарот Тито и кон Програмата на СКЈ, сигурно е дека борбата ќе биде решителна и бескомпромисна, дека во натамошната изградба на нашето социјалистичко-самоуправно општество ќе се движиме уште побрзо и непрекинато ќе го зголемуваме угледот на нашата земја во светот како неврзана и мирољубива.

## ЛИТЕРАТУРА:


1. Ј. Б. ТИТО, Борба за ослобоћење Југославије 1941—1945 год. издање „Култура“ Београд 1947 год.
2. Е. КАРДЕЉ, Правци развоја политичког система, социјалистичког самоуправљања, издавачки центар „Комунист“, Бгд 1977 гид.
3. ОНО стратегија мира, Војно издавачки завод, Бгд 1977 год.
4. ЦИА моћ и политика, Југоштампа, Београд, 1979 год.
5. Основи система друштвене самозаштите „Привредна штапма“, Бгд, 1978 год.
6. Друштвена самозаштита „СЛ СФРЈ“, Бгд, 1976 год.
7. Од ОЗН-е до самоуправног система безбедности и самозаштите, „Тридесет година социјалистичке Југославије“, 1945—1975 год. Ф. Херљевић.
8. Друштвена самозаштита и самоуправљање, „Студентски збор“, 1982 год. Д-р Јордан Спасевски.
9. Тајнаја војна монополи, Политиздат, Украини, Кијев 1978 год.

10) Нашиот секојдневен печат и публикациите.


Bratislav Laban

## SPECIJAL WAR
## (S U M M A R Y)


Special war as a special from of use of force, introduce a set of organised and coordinated political, economic, diplomatic — politic, psichological — propagandistic, intelligence and often millitary actions, secret manoeuvres, which one or more states organise aganist another coutry or group of states, in order to acchieve hegemony or some other interesses.

Special war has a tendency in becaming a local war or an agression of wider limits.

Special war against SFRY is guided continually, as a part of the politics with special methods and means, from imperialistic, hegemonistic and reactionary cercles. Their goal is to depreciate, to compromise and to ruin our socialistic and self-governemental system, our politics of non-alignement and peace, and to infleunce the concience of the people. To achieve those goals methods and

meeans of wors are not mather of choice. Criminals, extreme political emigration and ennemies in the country are widely used.

In all the stages of our developement, forces of our ennemies which have pursued special war against SFRY, have been defeated and they will never succeed to disturbe our developement or our peaceful foreign policy. Our defence and protective system has becomed an integral part of our self-governemental and socialistic society and of every citizen.